Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 6 и член 8 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/13), на седницата одржана на 28.04.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се одобрува Одлуката за определување на трошоците за исклучување и повторно приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.02-439 од 16.04.2014 година донесена од Управителот на Друштвото.

2. Согласно член 6 и член 8 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, е должно Одлуката за определување на трошоците за исклучување и повторно приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот, одобрена со ова Решение да ја објави на веб страницата на снабдувачот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, согласно член 6 и член 8 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/13) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 23 април 2014 година достави предлог текст на Одлуката за определување на трошоците за исклучување и повторно приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот заведен под архивски број 11-1029/1, заради одобрување.

По предлог текстот на Одлуката за определување на трошоците за исклучување и повторно приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија одржа главна седница на 28.04.2014 година со што одлучи да ја одобри Одлуката за определување на трошоците за исклучување и повторно приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, преку Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

**Бр. 02-1055/1**
**28.04.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**